FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Институт за човекови права

КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

Проектот е финансиран од

Фондација Отворено општество - Македонија

Институт за европска политика, Скопје

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ

Македонско здружение на млади правници

Арх. знак
Рок на чување ______
______ 20___ год.
Потпис,

До: Владата на Република Северна Македонија

**ПРЕДМЕТ: Барање од граѓанските организации за повлекување на изгласаниот Предлог – Закон за Јавно обвинителство на РСМ со цел подобрување на предлозите за СЈО**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА
Скопје

| Примено: 21. 03. 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 - | 1062/1 | | |

Почитувани,

Граѓанските организации Хелсиншки комитет за човекови права, Коалиција Сите за правично судење, Институт за човекови права, Македонското здружение на млади правници, Центарот за правни истражувања и анализи, Институтот за европски политики и Фондацијата Отворено општество – Македонија, кои се дел од Блупринт групата на организации со фокус на работа на следење на правосудните реформи и застапување за нивно спроведување, **не се согласуваат со начинот на кој се одвива носењето на предлог-законот за Јавно обвинителство (Законот)**. Со овој закон се уредува понатмошното постоење, функционирање и надлежност на сегашното Специјално јавно обвинителство (СЈО), без да бидат анализирани многу значајни проблеми врзани со работењето на СЈО, познати речиси од самиот почеток на работата на обвинителството, не се земени досегашните препораки од граѓанските организации и експертите и затоа бараме доработка на предлог-законот, со фокус на одредбите кои се однесуваат на СЈО.

Имено, граѓански организации реагираат на нетранспарентноста на процесот во кој се подготвуваше Законот, на отсуството на консултации и вклучување на граѓанските организации. Сметаме дека во целиот процес недостасуваа консултации со општата и стручната јавност што влијае на создавање недоверба во понатамошната функционалност на СЈО. Гледано во целина, учество на граѓанските организации не беше обезбедено во работната група која ги подготвуваше измените на законите од кривично правната област. Дополнително, верзијата од Предлог-законот на Законот за Јавното обвинителство, која беше усвоена на 124-тата седница на Владата, се разликува од верзијата на работната група, а која ни беше презентирана преку Советот за следење на реформите во правосудството (Советот). Ние, граѓанските организации кои учествуваме во работата на Советот, сметаме дека на овој начин, не постапувајќи по препораките кои ги дава Советот, неговата улога ќе биде сфатена како декор и нема да ја врши едната од улогите, а тоа е контрола на процесот на спроведување на Стратегијата за реформи во правосудството 2017-2022. Последно, но многу важно, Законот беше усвоен од Владата, без да биде објавен на ЕНЕР и истиот се носи во скратена постапка, што значи ја исклучува можноста за партиципативност на заинтересираните страни , а влијае на квалитетот на Законот и придонесува во нетранспарентен процес на креирање на политиките.

Ја користиме оваа прилика да укажеме дека понуденото решение за понатамошното постоење, функционирање и надлежност на СЈО е спротивно на целите поради кои беше воопшто основано ова обвинителство, а тоа се борбата против високата корупција и

организирана и системска злоупотреба на државата и државните ресурси за остварување на приватни интереси и имотна корист. Ограничувањето на можноста т.н. „бомби", аудио материјалите да се користат како доказ, го наметнува прашањето пред сè: која е суштината на постоењето на СЈО, ако „бомбите" не може да се користат како доказ?

Имаме грижа дека на овој начин се задира директно во независноста на судството и принципот на слободна судиска оцена на доказите, ако се има предвид дека се забранува понатамошна употреба на т.н. „бомби" во предметите кои се во тек. Сметаме дека ваквото законско решение сериозно ќе ја наруши правната сигурност на граѓаните и онака разнишаната позиција на судството во земјава.

Понатаму, во предлог-законот оставени се недоречени ситуации, како на пример делот за (не) разграничување на надлежностите со веќе постоечкото одделение за организиран криминал. Сметаме дека предлог-законот ќе ги доведе во прашање автономијата и функционалноста на СЈО, и не придонесува во искористување на изградени капацитети на СЈО во иднина, а посебно загрижува предвидениот принцип на шестмесечна ротација, кој сериозно ќе се одрази на квалитетот на работењето на СЈО.

Од тие причини, а врз основа на веќе претходно изготвена правна анализа[1] за статусот на СЈО ги даваме следните препораки за најсоодветно решавање на неговиот статус:

1. Потребно е СЈО да остане независен орган, односно сè уште е рано СЈО да биде интегрирано во редовното обвинителство, од причина што е потребно започнатите истраги и судски постапки да се довршат согласно постоечкиот закон, а нашата земја е сè уште далеку од справување со делата на висока корупција и криминал;

2. На подолг рок треба да се поддржи идејата ова тело да се задржи како успешна алатка во борбата против корупцијата и криминалот на политичките и бизнис елити;

3. Доколку сепак се одлучи во овој момент СЈО да се интегрира со Јавното обвинителство, не ја гледаме потребата од постоење на две обвинителства со речиси идентичен мандат;

4. Да се овозможи понатамошно користење на т.н. „бомби" како докази, а во смисла на чл 12 од ЗКП, од причина што во спротивно „законски" ќе се амнестираат добар дел од сторителите на криминални дејствија кои произлегуваат од содржината на овие аудио материјали.

---

[1] Анализа „Правните предизвици пред Специјалното јавно обвинителство" од проф. Д-р Гордан Калајџиев, декември 2018 година. Анализата е подготвена при изработката на студијата за меѓународен судски мониторинг во Македонија, во рамките на проектот „Поддршка на Македонија за интеграција во ЕУ и во НАТО", кој се реализира од страна на организациите Коалиција Сите за правично судење, Хелсиншки комитет за човековите права на Република Македонија, Македонско здружение на младите правници, Институт за човековите права и Центар за правни истражувања и анализи, со поддршка од Фондацијата Отворено општество - Македонија.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Проектот е финансиран од

Фондација Отворено општество - Македонија



Поради сите горенаведени причини, граѓанските организации бараат Владата на Република Северна Македонија да го повлече Предлог-законот за Јавното обвинителство и да го врати до надлежното министерство, кое во партиципативен и транспарентен процес ќе го доработи Законот земајќи ги предвид препораките.

Со почит,

Хелсиншки комитет за човекови права,

Коалиција Сите за правично судење,

Институт за човекови права,

Македонското здружение на млади правници,

Центарот за правни истражувања и анализи,

Институтот за европски политики и

Фондацијата Отворено општество – Македонија